**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# Видови стимулации за користење велосипеди

**-кратка информација-**

Предмет на оваа кратка информација **се финансиските и други видови стимулации, привилегии или поддршка обезбедени од страна на државата за работодавачите кои обезбедуваат велосипеди за нивните вработени или за физичките лица потрошувачи кои купуваат велосипеди.** Прикажани се видовите на поддршка кои ја добиваат работодавачите кои стимулираат превоз со велосипед до работното место, како и субвенциите кои се обезбедуваат за купување велосипеди или електричен велосипед за вработените во компаниите и институциите. Со кратката информација се опфатени 24 држави во Европа.

Кратката информација [1] е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

**Во делот за обезбедување финансиска поддршка за компаниите** кои го промовираат овој начин на превоз на своите вработени, во шест држави постои систем за нивна финансиска поддршка (Австрија, Чешка, Естонија, Финска, Шведска и Португалија), додека во останатите држави не е постои ваков тип на финансиска поддршка.

**Во делот за обезбедување субвенции** од страна на работодавачите кон вработените за обезбедување на велосипеди, во 12 држави нема регулирано постапка за субвенционирање, во две е сè уште тема на дискусија (Австрија и Естонија), додека во четири (Финска, Франција, Ирска и Португалија), се воспоставени процедури по ова прашање, но сè уште секаде не се ставени во примена.

**За стимулирање на овој процес на превоз**, неколку држави имаат преземено соодветни мерки, како на пример, Франција која има искреирано повеќе различни пакети за поттикнување на превозот со велосипед, во Италија, Владата обезбедува ваучери за купување на велосипед, додека Луксембург обезбедува т.н. м-кутии за безбедно паркирање на велосипедите.

Во прилог табела со податоци за состојбата во 24 држави.

***Скопје, февруари 2021***

[1] Информациите содржани во кратката информација се добиени од Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација; https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/private/my-requests

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (на пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Австрија** | Обезбедена е финансиска поддршка за работниците кои патуваат, независно од употребата на велосипед. | Сѐ уште се дискутира за изнаоѓање начини за ослободување од данок на работодавачите, но сѐ уште нема ништо имплементирано. | Нема податок. | Да | Да | Да |
| **Бугарија** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Нема податок. | Да | Нема податок. |
| **Хрватска** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Нема податок. | Да | Нема податок. |
| **Чешка** | Постојат активни политики за вработување, наречени Придонес кон поддршката за регионална мобилност, со кои се обезбедува финансиска помош на вработените кои патуваат. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Нема податок. | Да | Да |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развојот на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Данска** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Да | Да | Да |
| **Естонија** | Обезбедена е финансиска поддршка за работниците кои патуваат, независно од употребата на велосипед. | Сè уште е тема на дискусија, нема конкретна имплементација. | Нема податок. | Да | Да | Нема податок. |
| **Финска** | Корисниците на велосипеди можат да достигнат намалување од 85 евра за една година. Највисокиот праг кој подлежи на намалување е 750 евра (2020г.) и затоа исклучивото одење со велосипед на работа нема да го надмине овој праг, но со вклучени додадени трошоци за јавен превоз овој праг може да биде променлив. | За 2021 година се предвидени субвенции за велосипед обезбеден од работодавецот. Оваа привилегија за вработените нема да подлежи на данок до висина на 1.200 евра годишно (во моментов подлежи на целосно оданочување). Овој владин предлог уште не е усвоен во парламентот, а единствените расположливи информации се на фински. | Не е регулирано. | Да | Да | Нема податок. |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Франција** | Нема податок | „Одржлив пакет за мобилност“ Работодавецот може да покрие дел или целосната сума на трошоци настанати при патување на неговите вработени од местото на живеење до работното место. Работодавецот не е обврзан да го исплати овој пакет за одржлива мобилност. Доколку работодавецот се одлучи за одобрување на овој пакет, сумата и начинот на исплата ќе бидат одредени во договор со компанијата, или со посебен договор. Работодавецот исплаќа фиксен надомест исклучиво за употреба според намената. Затоа, за секоја календарска година работодавецот мора да побара од вработениот доказ за | „Бонус за велосипед“ - има за цел да помогне во набавка на електричен велосипед за одење на работа. Физичко лице бонусот може да го искористи еднаш.<br>Услови:<br>- полнолетни граѓани со престојувалиште во Франција<br>- чиј приход кој подлежи на оданочување не го надминува прагот од 13.489 евра;<br>- електричниот велосипед мора да биде нов и да не користи акумулатор. | Да | Да | Нема податок |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | купување на велосипед или електричен велосипед. Покривањето од страна на работодавецот е ограничено на 400 евра годишно и по вработен. Оваа поддршка може да биде искомбинирана со субвенциите за јавен превоз но не над 400 евра. Овој пакет за одржлива мобилност не подлежи на данок и останати давачки, додека не надмине 400 евра. | - велосипедот не смее да биде продаден најмалку една година. Овој бонус може да биде доделен само ако постои одлука од страна на локалните власти. Максимална помош: - Не смее да ја надминува сумата одобрена од локалните власти. - Вкупната доделена сума (од локалните власти и на државно ниво) не смее да ја надминува долната граница помеѓу: 20% или 200 евра. „Поттикнување на велосипедизмот“ Овозможува финансиска помош за поправка на велосипеди и | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | обука за возење велосипеди.<br>Оваа алатка ќе биде на располагање од 11 мај до 31 декември, 2020.<br>Овој план од 80 милиони евра ќе покрива:<br>- Поправки на велосипед при овластен сервис одобрен од администрацијата во висина од 50 евра.<br>- Обуки за велосипедизам со обучувач одобрен од администрацијата | | | |
| **Германија** | Нема податок. | Нема податок. | Нема податок. | Да | Да | Да |
| **Грција** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Нема податок. | Да | Нема податок. |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ирска** | Нема податок. | „Со велосипед на работа“ е план (шема) за даночно поттикнување за вработените во Ирска да возат велосипед до работа. Повеќе се базира на административни отколку на законски основи. Вработениот претежно мора да користи велосипед и сигурносна опрема за патувањето до работното место. Согласно овој план, работодавецот може да плати за нов велосипед и придружни средства со тоа што вработениот ќе ги врати средствата на рати од својата бруто-плата. Притоа, сумата што ја плаќаат вработените за ратата не е предмет на оданочување. На пример, вработен во Ирска што ја плаќа највисоката даночна стапка, може да заштеди до 51% од цената за нов велосипед и опрема согласно овој план.<br>Со овој план се опфатени и: велосипеди, електрични велосипеди и сигурносна опрема. Пред 1 август, 2020, горната граница за сите велосипеди и опрема беше 1.000 евра. По овој датум, горната граница за трошоци е повисока како дел од планот на ирската влада за стимулација на работни места:<br>- 1.250 евра за велосипеди | - | Да | Да | Нема податок |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - 1.500 евра за електрични велосипеди.<br>Работодавците не се обврзани да се вклучат во оваа шема, но ако се одлучат на тоа мора да го понудат на сите вработени. Работодавецот е тој што мора да го купи велосипедот. Не е доволно вработениот да го купи, а работодавецот да обезбеди поврат на средства. Работодавецот, исто така, може да одреди дополнителни услови или рестрикции за вклученоста во шемата. На пример, како дополнителен услов може да биде видот на велосипедот или пак точно определена фирма од која ќе го купат. Во спротивно, ако работодавецот нема одредено дополнителни услови, велосипедот може да биде купен од која било продавница. Меѓутоа, вработените во државна администрација, на пример, наставниците мораат да ги купуваат велосипедите и опремата од листа на набавувачи одобрена од ирското Биро за јавни набавки. Во случај цената на велосипедот да е над 1.250 евра или 1.500 евра за електричен велосипед, тогаш надминатата сума подлежи на данок. Откако работодавецот и вработениот ќе се договорат, работодавецот ќе одреди одбиток од плата за покривање на трошоците за договорениот период, но не подолг од 12 месеци. Овие одбитоци може да се реализираат на неделна, двонеделна или месечна база, во зависност од начинот | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | на примање на плата. Вработениот мора да потпише изјава дека велосипедот е за негова лична употреба и само за патувањата до работа. Исто така, работодавецот може да одлучи да купи велосипед за вработениот без да бара надомест. Во таков случај, работодавците се ослободени од плаќање данок за цена во висина до 1.250 евра за велосипед или 1.500 евра за електричен велосипед. Вработениот може да ги користи овие бенефиции еднаш на секои 4 години. Даночната година во која вработениот ќе го добие велосипедот се брои како прва година од учество во шемата. На пример, ако вработен се вклучил во шемата  кога било во 2016 година, следен пат може да аплицира после 1 јануари, 2020. Самовработените лица не можат да ги користат бенефициите предвидени со овој план доколку не плаќаат придонеси за социјално осигурување. | | | | |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Италија** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Италијанската влада обезбеди ваучер за мобилност за 2020, со можност за користење од 4 мај до 31 декември, за купување велосипеди и електрични велосипеди како и возила за личен превоз претежно на електричен погон како и за користење на здружен превоз. | Не е регулирано со закон или колективни договори. | Да | Нема податок. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ваучерот покрива 60% од настанатите трошоци за сума што не надминува 500 евра. Ваучерот за којшто може да се аплицира само еднаш, е наменет за полнолетни граѓани кои имаат живеалиште во големи градови (региони или општини) со над 50.000 жители или големи метрополи. | | | |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Унгарија** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Да | Да | Да |
| **Латвија** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Да | Да | Нема податок. |
| **Литванија** | Не постои финансиска помош или привилегии за велосипедисти. | Не постои финансиска помош или привилегии за велосипедисти. | Постои само една финансиска стимулација од Владата (обезбедена во координација со **Агенцијата за менаџирање на проекти за животната средина** при Министерството за животна средина на Република Литванија) што се користи од март 2020: поврат на одредена сума може да биде обезбеден при купување на годишен билет за јавен превоз, електричен или обичен велосипед, под услов старо возило што претставува загадувач да биде уништено. Максималните суми за поврат на средства во соодветна категорија: 700 евра за електричен велосипед или не повеќе од 400 евра за обичен велосипед или електричен скутер. | Да | Нема податок. | Нема податок. |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Луксембург** | Нема податок. | Нема податок. | 1. Претставена е нова финансиска помош за купување нов велосипед или велосипед со дополнителен погон за лична употреба. Еднократна финансиската помош е обезбедена за едно физичко лице во период од 5 години. Финансиската помош е намената за нови велосипеди за кои фактурата е издадена помеѓу 1 јануари 2019 и 31 март 2021. Поединците може да бараат надомест од 50% од цената (без ДДВ) на велосипедот, но да не надминува 600 евра за купување на велосипед или електричен велосипед помеѓу 11 мај 2020 и 31 март 2021 (со фактура во прилог). За велосипеди купени пред 11 мај, 2020, бонусот е 25% од цената без ДДВ, ненадминувајќи 300 евра.<br>2. Ослободување од данок во висина од 300 евра за купување на велосипеди со дополнителен погон | Да | Да. „М-кутиите“ се кафези за велосипеди, менаџирани од мрежата за јавен превоз и овозможуваат безбедно паркирање на велосипедите за поединци. Лоцирани се во непосредна близина на јавниот превоз и го олеснуваат поврзувањето на велосипедскиот со јавниот превоз, намалувајќи го притоа ризикот од кражба и | Нема податок |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | кој не надминува 0.25kW севкупна моќ и чијшто погон прогресивно се намалува со зголемување на брзината на велосипедот, при што се гаси кога велосипедот ќе доспее брзина од 25км/ч.<br>3. Ослободување од данок во висина од 300 евра за купување велосипед. | | уништување. Пристапот до М-кутиите е возможен во кое било време со специјална картичка која поединците можат да ја користат како клуч за влез. | |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Холандија** | Во моментот, поединците кои доаѓаат на работа со велосипед добиваат компензација по километар далечина од дома до работа и обратно. | - | Постои надоместок за оние што ќе купат велосипед, во однос на трошоците за осигурување и заштитна брава. | Да | Да | Нема податок. |
| **Полска** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Нема податок. | Нема податок. | Нема податок. |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Португалија** | Со Резолуцијата на Парламентот бр. 61/2020, препорачано е Владата да ја имплементира Националната стратегија за циклично-активна мобилност 2020-2030, обезбедувајќи пораст во понудата на јавниот превоз и поттикнувајќи го планирањето на одржлива, урбана мобилност. Исто така, препорачува воспоставување на даночни стимулации (бр. 7) во поглед на персоналниот данок и корпоративниот данок на приход; даночни повластици при купување и поправка на велосипеди користени за патување од дома до работа, земајќи ги предвид целите на одржливата мобилност; како и глобалниот пораст на вредноста на финансиската помош при купување, како и бројот на обични или електрични велосипеди што можат да бидат купени согласно рамката на Фондот за животна средина. | | На 10 март 2020, објавено е известувањето бр. 3169/2020, што ги содржи правила за стимулација за набавка на возила со намалена емисија. Постои онлајн-формулар за аплицирање на интернет-страницата на Фондот за животна средина. Со ова е опфатено купувањето на електрични возила, електрични возила на две тркала (мотоцикли и мопеди), електрични велосипеди, но, исто така, и купувањето на товарни и обични велосипеди. Вредностите и ограничувањата на доделената финансиска помош се следните: | Да | Да | Да |

| | Физички лица | Правни лица |
|---|---|---|
| **Лесни патнички возила** | 3.000 евра еднократно по кандидат | 2.000 евра ограничени на 4 инсталации по кандидат |
| **Лесни транспортни возила** | 3.000 евра еднократно по кандидат | 3.000 евра ограничени на 4 инсталации по кандидат |
| **Велосипеди, мотоцикли, електрични мопеди и товарни велосипеди** | 50%, максимум до 350 евра, еднократно по кандидат | 50% максимум до 350 евра, ограничени на 4 инсталации по кандидат |
| **Обични велосипеди** | 10% максимум од 100 евра, еднократно по кандидат | |

За да се добие финансиската помош, фактура или декларација од продавачот мора да биде приложена за да се покаже дека велосипедот е нов и наменет за градска/урбана употреба, затоа што оваа програма не вклучува купување на велосипеди за спортски намени, за планинско или крос-возење, или со целосни амортизери.

Одделно од владата, постојат региони како Лисабон коишто имаат финансиски програми за помош за купување нови велосипеди.

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистите обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институцијата или општината | Промоција на велосипедизмот и развој на инфраструктурата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Романија** | Не е регулирано. | | Букурешт како главен град обезбеди финансиска помош за своите граѓани што сакале да купат велосипед (2017-2018). Со ова, жителите на главниот град добиле ваучер од 500 леи. | Нема податок. | Нема податок. | Нема податок. |
| **Словачка** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Нема податок. | Нема податок. | Нема податок. |
| **Словенија** | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Не е регулирано. | Да | Да | Нема податоци. |
| **Шпанија** | Во Шпанија не постои генерална законодавна рамка со која се регулирани стимулации за користење на велосипеди во урбани области. Овие прашања се подетално уредени на локални и регионални нивоа. | | Некои региони како Мадрид, Валенсија или Каталонија обезбедуваат субвенции при купувањето обични или електрични велосипеди. | Да | Да | Нема податок. |

| Држава | Финансиска поддршка за работниците кои патуваат (пр. директна поддршка, олеснување на давачките) | Субвенции за велосипедистит е обезбедени од работодавачите | Финансиска поддршка за набавка на велосипед | Поттик или стимулација од институција та или општината | Промоција на велосипедиз мот и развој на инфраструкт урата | Стратегија за велосипедизам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Шведска | Возможно е да се намали даночниот приход за 350 шведски круни ако се користи велосипед за одење на работа. Меѓутоа само во случај кога годишниот трошок изнесува над 11.000 круни. Доколку се користи различен превоз, на пример велосипед и воз, можно е да се намалат 350 круни за користење на велосипедот доколку целосниот трошок надминува 11.000 круни. | Не е регулирано. | Во периодот од 2018 – 2020 беше возможно да се аплицира за субвенции за електричен велосипед, во висина до 25% од цената, но не повеќе од 10.000 шведски круни. | Да | Нема податок. | Нема податок. |

Изработила: Александра Стојановска Бизевска
Одобрила: Ивана Арсовска Трајановиќ
Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

____________________________

м-р Златко Атанасов